ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 29-157/7**

**Дата: 27.07.2012**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Јавното претпријатие Водовод и канализација Скопје за 2011 година.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година, при што е утврдено дека по најголем дел од препораките е постапено. Од вкупно дадените 14 препораки, 10 се спроведени, делумно се спроведени две препораки, една не е спроведена, а за една важи ново законско решение.

За вистинитоста и објективноста на резултатот од финансиските активности за 2011 година е изразено позитивно мислење, додека за усогласеноста со законите и прописите е изразено мислење со резерва.

Сите дејности во работењето на јавното претпријатие се регулирани со пишани процедури кои постојано се надоградуваат. Имплементиран е интегриран Систем за менаџмент со квалитет и HACCP систем кој се применува во процесот на дистрибуција на вода за пиење. Добиени се сертификати со важност до 2013 година усогласени со барањата на стандардот ISO 9001:2008 и Codex Alimentarius.
ЈП Водовод и канализација има воспоставено комплексен систем на интерни контроли во целокупното работење, што го намалува ризикот од незаконско и ненаменско трошење на средствата на претпријатието.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

ЈП Водовод и канализација во своето работење се соочува со висок износ на ненаплатени побарувања кои на крајот на 2011 година изнесуваат 1.098.402 илјади денари (од кои околу 33 % се побарувања на ЈП Комунална Хигиена и ЈП Паркови и зеленило), што претставува 69% од остварените приходи од продажба на претпријатието од вршењето на основната дејност - собирање, обработка и снабдување со вода за пиење и отстранување на отпадни води (1.125.091 илјади денари). Проблемите во наплатата се одразуваат на активностите, особено во сферата на инвестиционите вложувања. Претпријатието презема значителни активности за да ја зголеми наплатата на побарувањата (тужби, исклучувања).

Во трговскиот регистар не е извршен упис на основната главнина на ЈП Водовод и канализација. Претпријатието нема утврдено пазарна вредност на имотот и обврските, така што, основната главнина е сметководствено утврдена, односно не е извршена проценка на капиталот. Проценетата вредност на капиталот е особено важна заради воспоставување на јавно приватно партнерство, задолжување, утврдување на кредитниот рејтинг и сл.

Во Правилникот за организација на претпријатието и систематизација на работните места на Водовод и канализација не е наведен потребниот број на вработени со кој ќе се извршуваат предвидените работни задачи, што носи ризик од несоодветно организирање и искористување на работната сила и субјективен пристап при одлучувањето за потребите од работна сила.

Дел од одредбите од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, кои се однесуваат на обврската за склучување на договори со корисниците на услугите и определувањето на висината на цената на водата, врз основа на потрошена количина на вода за пиење од страна на корисниците на услугата, како просечна и прекумерна потрошувачка, ЈП Водовод и канализација ги нема имплементирано во целост.
За утврдените неправилности дадени се препораки до менаџментот на ЈП Водовод и канализација со цел преземање на мерки за надминување на состојбите .

Од страна на законскиот застапник на ЈП Водовод и канализација добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е констатирано дека претставуваат информирање за преземени мерки за надминување на утврдените состојби кое соодветно е обелоденето во Конечниот извештај.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 13 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на ЈП Водовод и канализација Скопје за 2011 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех, извештај за промени во капиталот, извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки/образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на ЈП Водовод и канализација Скопје за 2004 година. Во однос на вистинитоста, реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ЈП Водовод и канализација не е изразено мислење, додека за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2004 година е изразено мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Сашо Лазаровски, директор до 29.07.2011 година и
- Тони Јаревски, в.д. директор од 02.11.2011 година .

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени

проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 12.03.2012 до 29.05.2012 кај ЈП Водовод и канализација Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година. Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2004 година.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и законскиот застапник на субјектот - предмет на ревизија на 04.06. 2012 година.
На ден 12.07.2012 година, добиени се забелешки под број 0302-10138/1 од 11.07.2012 година по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29- 157/6 од в.д. директорот на ЈП Водовод и канализација. Забелешките се разгледани и е оценето дека претставуваат известување за преземени мерки по дадените препораки кое на соодветен начин е обелоденото во Конечниот извештај .
Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Систем на интерни контроли во процесите**

4.1.1. ЈП Водовод и канализација има воспоставено комплексен систем на интерни контроли во целокупното работење, што го намалува ризикот од незаконско и ненаменско трошење на средствата на претпријатието.
Сите дејности во работењето на јавното претпријатие се регулирани со пишани процедури кои постојано се надоградуваат. Имплементиран е интегриран Систем за менаџмент со квалитет и HACCP систем кој се применува во процесот на дистрибуција на вода за пиење. Добиени се сертификати со важност до 2013 година усогласени со барањата на стандардот ISO 9001:2008 и Codex Alimentarius. Во тек на имплементација се стандардите ISO 17020:1998 и ISO 17025:2006.

Изготвена е Матрица на одговорност за исполнување на барањата на стандардот ИСО 9001:2008, во која за раководните лица во претпријатието (директор и директори на сектори) е утврден степенот на одговорност во одделните процеси.
Со увид во пишаната процедура за реализација на јавните набавки на ЈП Водовод и канализација Скопје, ревизијата утврди дека во делот кој се однесува на следење на квалитет на извршување на доделен договор не се содржани одредби за натамошно постапување на Јавното претпријатие во случаи на ненавремено (пробивања на договорените рокови) и неквалитетно извршување на договорите, што создава ризик од неисполнување на договорените рокови и услови, дополнително ангажирање на вработените и зголемување на трошоците во работењето. Ова особено ако се има предвид дека во договорите се вклучени казнени одредби за ненавремено извршување на работите, меѓутоа, во најголем дел не се преземаат мерки во такви случаи.
Во тек е изготвување и донесување на стратегија за управување со ризикот.
Системот на интерни контроли функционира, што се потврди во текот на ревизијата.
По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, одговорното лице на субјектот постапило по дадената препорака односно процедурата Реализација на јавни набавки е изменета и надополнета со одредби кои го регулираат следењето на одредбите од договорите.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Во трговскиот регистар не е извршен упис на основната главнина на ЈП Водовод и канализација, што не е во согласност со членот 298 од Законот за трговски друштва каде што е регулирано кои податоци се запишуваат во регистарот. Со Законот за јавни претпријатија, во членот 4-б е уредено дека за упис во надлежниот регистар се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва.
Во сметководствената евиденција на ЈП Водовод и канализација е евидентирана основна главнина во износ од 1.972.180 илјади денари. Претпријатието нема утврдено пазарна вредност на имотот и обврските, така што, основната главнина е сметководствено утврдена, односно не е извршена проценка на капиталот. Проценетата вредност на капиталот е особено важна заради воспоставување на јавно приватно партнерство, задолжување и утврдување на кредитниот рејтинг .
Согласно Законот за процена, процена на пазарната вредност на јавни претпријатија врши овластен проценувач, на начин пропишан со методологија, правила и стандарди за процена кои ги вклучуваат признатите меѓународни стандарди за процена на вредноста, како и други закони со кои се регулира проценувањето на вредноста на различни форми на сопственост.
Во изминатите години, во повеќе ревизорски извештаи за извршена ревизија од независни ревизорски куќи, е констатирано дека во трговскиот регистар не е

запишана вредноста на основната главнина, со препорака да се изврши проценка на капиталот. Започнати се одредени подготвителни активности, меѓутоа, проценка на капиталот и упис во регистарот не е извршено.
Во Централниот регистар како основач на јавното претпријатие е запишан Советот на Град Скопје. Согласно членот 1 од Законот за јавни претпријатија, градот Скопје може да основа јавни претпријатија со цел за вршење на дејност од јавен интерес, а Советот на Градот (кој е орган, а не правно лице), во име на градот Скопје основа јавни претпријатија и го носи актот за основање.

**Препорака:**
Директорот на ЈП Водовод и канализација да ги продолжи започнатите активности за процена на основната главнина на претпријатието.

4.2.2. Во Правилникот за организација на претпријатието и систематизација на работните места на Водовод и канализација донесен од Управниот одбор (донесен во 2005 година, последни измени во 2011 година), покрај описот и пописот на работните задачи во организационите делови не е наведен потребниот број на вработени со кој ќе се извршуваат наведените работни задачи. Недефинираниот број на потребни работници како извршители на одредени работни задачи, предизвикува и овозможува: несоодветно организирање и искористување на работната сила и субјективен пристап при одлучувањето за потребите од работна сила од страна на директорот на претпријатието.
Недефинираниот број на извршители е констатиран во Конечниот извештај на државниот ревизор за 2004 година, со препорака да се преземат активности со кои ќе се изврши додефинирање на Правилникот за организација и систематизација на работните места, во поглед на утврдување на точниот број на работници по организациони делови. Препораката не е спроведена, со објаснување дека во 2011 година е изготвен нов Правилник за организација и систематизација на работни места, кој заради законски измени не е донесен.

**Препорака:**
Директорот на јавното претпријатие да преземе активности со кои ќе изврши додефинирање на Правилникот за организација и систематизација на работните места, во поглед на утврдување на точниот број на работници по организациони делови.

4.2.3. Во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, во членот 48 е пропишана обврска за склучување договор помеѓу ЈП Водовод и канализација и граѓаните на град Скопје за регулирање на меѓусебните права и обврски согласно одредбите на овој закон, во рок од една година од денот на влегување во сила на овој Закон. Законот е донесен во октомври 2004 година, што значи, договорите требало да бидат склучени до октомври 2005 година. Такви

договори со дотогашните корисници не се склучени, додека со сите нови корисници, како и кај корисниците каде се направени одредени промени, договори редовно се склучуваат (околу една третина од вкупниот број корисници).
Нерегулираниот однос помеѓу ЈП Водовод и канализација и корисниците на услугите создава потешкотии на јавното претпријатие во преземањето на мерки за ненавремено плаќање и утужување за неплатен долг, поради неможноста да се идентификуваат дел од корисници (недостиг или застареност на податоците).

**Препорака:**
Директорот на ЈП Водовод и канализација да ги интензивира активностите за склучување договори помеѓу ЈП Водовод и канализација и граѓаните на град Скопје за регулирање на меѓусебните права и обврски.

4.2.4. Во членот 6 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води е регулирано определувањето на висината на цената на водата. Пресметката на цената се врши со методологија, а врз основа на потрошена количина на вода за пиење од страна на корисниците на услугата, како просечна и прекумерна потрошувачка. Цената за секој кубен метар потрошена вода за пиење над просечната потрошувачка (прекумерна потрошувачка на водата за пиење) се зголемува за два пати. Ова може да допринесе кон заштеда во потрошувачката на вода, што е основна цел на пропишаната одредба, но во исто време да ги зголеми проблемите во наплатата на цената на потрошената вода кај одредени корисници.
Потрошувачката на водата за пиење, како просечна потрошувачка по член на семејно домаќинство ја определува советот на општината и градот Скопје.
Просечна и прекумерна потрошувачка на територијата на град Скопје не е определена.

**Препорака:**
ЈП Водовод и канализација во соработка со стручните служби на град Скопје да се вклучи во активности околу имплементацијата на оваа законска одредба.

4.2.5. Во Инвестиционата програма на ЈП Водовод и канализација за 2011 година, во делот за нови инвестиции нема дефинирано на кои објекти од водоводната мрежа ќе се врши реконструкција во текот на годината (120.000 илјади денари), односно се конкретизирани објектите чија градба е започната во изминатите години како пренесени обврски и постапки, како и објектите од канализационата инфраструктура.
Според добиените објаснувања, Оперативен план за реализација на Инвестиционата програма во делот на реконструкција на водоводната инфраструктура, со конкретизирани објекти и нивна реализација, се утврдува на Технички Совет, меѓутоа, не се изготвува во пишана форма.

Недефинираните објекти создаваат предуслови за субјективност во изборот на објекти на кои ќе се врши реконструкција.

По дадената препорака во фаза на Нацрт извештај субјектот има донесено Оперативен план за реализација на Инвестиционата програма за 2012 година.

4.2.6. За дополнителните и непредвидени работи кои се јавуваат кај материјалните средства во подготовка во текот на градбата се спроведува постапка со непосредно преговарање, по целосно завршување на работите, што може да резултира со неоправдано зголемување на дел од трошоците.
За објектите активирани во 2011 година вредноста на дополнителните и непредвидени работи изнесува 8.875 илјади денари. Извештај за овие работи изготвува надзорниот орган (без дата, без заверка), меѓутоа, тие не се изготвуваат во текот, туку по целосното завршување на работите. Врз основа на овој извештај се спроведува постапка со непосредно преговарање, се потпишува анекс договор и изготвува завршна ситуација.

Во периодот на забелешки по Нацрт извештајот, извршено е дополнување на процедурата Реализација на јавни набавки за постапување во случај на дополнителни и непредвидени работи.

**Препорака:**
Одобрение за дополнителни и непредвидени работи да се бара во текот на градбата кога тие се јавуваат, целата постапка да се реализира во согласност со изменетата и дополнета процедура за Реализација на јавни набавки.

4.2.7. Евидентните листови кои претставуваат потврда за извршен технички прием, главно се изготвуваат во согласност со пропишаната процедура, меѓутоа, во неколку случаи е утврдено дека:

- не се пополнети во целост, односно недостасуваат податоци за времето кога се извршени работите. Иако се работи за мал број на случаи, потребно е целосно и навремено пополнување на овој документ со оглед на фактот што тој е потврда за извршен технички прием на објектот. Од друга страна Евидентниот лист како потврда за извршен технички преглед означува можност за ставање во функција на мрежата. Ова значи дека во употреба се ставаат водоводни објекти кои реално се завршени и постои потврда дека се исправни, меѓутоа, од формален аспект документацијата не е комплетно оформена.
- Во дел од евидентните листови е искажана состојба на започнување на работите во текот на 2009 и 2010 година, а активирањето е извршено во 2011 година. Ова се објаснува со фактот дека по завршување на работите се

утврдуваат дополнителните и непредвидени работи, се води постапка и се утврдува конечната вредност.

**Препорака:**

- Секторот за технички работи и развој временски да го усогласи издавањето на евидентните листови и завршните ситуации.
- Во пропишаната процедура да се допрецизира постапката на изготвување на евидентните листови, во однос на комплетно пополнување на сите податоци и усогласеност со градежната документација од временски аспект.

4.2.8. ЈП Водовод и канализација во 2011 година има ангажирано лица по основ на привремени вработувања. Бројот на привремено вработените лица во текот на годината е до 54, од кои 23 се ангажирани подолго од една година, што не е во согласност со членот 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања. Во овој член е уредено дека агенцијата може врз основа на договор да отстапи работник по повеќе основи за период не подолг од една година. Нивното ангажирање се врши за извршување на работни задачи предвидени во Правилникот за систематизација на јавното претпријатие. Вработувањето на лица преку Агенција за привремени вработувања на подолг рок, значи вработување без спроведување на постапки предвидени со законската регулатива, со можност за субјективно одлучување при изборот на лицата.

**Препорака:**

Привремените вработувања да се вршат во согласност со законската регулатива и не подолго од една година.

### 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Во рамките на материјалните средства не е извршено евидентирање на вредноста на недвижен имот (стан и барака) кои се сопственост на јавното претпријатие и за кои е обезбеден имотен лист. ЈП Водовод и канализација ја нема утврдено пазарната вредност на основните средства кои се во негова сопственост, од страна на овластен проценител, што не е во согласност со МСС 16. Ова придонесува состојбата на постојаните средстава во Билансот на состојба да е нереално прикажана.
Менаџментот на јавното претпријатие, повеќе години наназад, планирал да се изврши проценка на пазарната вредност на целокупниот имот, меѓутоа, таа активност сеуште не е завршена.

**Препорака:**
ЈП Водовод и канализација да ангажира овластен проценител за проценка на пазарна вредност на материјалните средства и евидентирање на целокупниот имот во сопственост на јавното претпријатие.

4.3.2. За дел од објектите што се водат во сметководствената евиденција како материјални средства во подготовка во вредност од 14.920 илјади денари, а се започнати во 2009 година се јавуваат проблеми во однос на нивното активирање поради нецелосна документација, односно недостиг на завршна ситуација. Нивното неактивирање значи помалку пресметана амортизација, што влијае на финансиските извештаи.
Ненавременото активирање на материјалните средства во подготовка има одраз врз висината на пресметаната амортизација и значи помалку пресметана амортизација. Согласно со МСС 16 - Недвижности, постројки и опрема, средството започнува да се амортизира кога станува расположиво за употреба, односно кога е на локацијата и во состојба неопходна за тоа да биде оперативно способно на начин предвиден од раководството.
ЈП Водовод и канализација, пресметува амортизација на активираните средства почнувајќи од следниот нареден месец по нивното ставање во употреба.

**Препорака:**
Секторите надлежни за завршените, а неактивирани градби да обезбедат соодветна документација врз чија основа ќе може да се изврши нивно активирање.

**4.4. Користење на средствата согласно законските прописи**

**Јавни набавки**

Во однос на почитување на законските одредби при спроведување на постапките за јавни набавки во текот на 2011 година, главно, не се констатирани неправилности.

4.4.1. Кај набавката за интернет провајдер и виртуелна мрежа (ВПН), понуди доставиле два економски оператори. Понудата на еден од операторите е отфрлена како неприфатлива поради неисполнување на делот кој се однесува на техничката или професионална способност од тендерската документација односно недоставени барани сертификати за вработени. Склучен е договор со единствениот понудувач во вредност од 9.145 илјади денари, кој не доставил банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во вредност од 10% од договорот, што не е во согласност со член 48 од Законот за јавни набавки, тендерската документација, огласот за доделување на договорот за јавна набавка и склучениот договор.

Недоставувањето банкарска гаранција носи ризик од неквалитетно извршување на договорот.

**Препорака:**

Службата за комерција – надлежна за реализацијата на договорите да ги следи одредбите од тендерската документација, огласот за доделување на договорот за јавна набавка и склучениот договор во поглед на обезбедување и чување на банкарската гаранција и следење на договорот со цел исполнување на услови за активирање на гаранцијата.

**Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Во текот на ревизијата е извршено зголемување на побарувањата и приходите по основ на фактурирана провизија на ЈП Комунална хигиена за наплатени сметки за вода и смет во износ од 244 илјади денари, кои во 2011 година ЈП Водовод и канализација ги платило на Македонска пошта, а не ги фактурирало на ЈП Комунална хигиена.

Заради грешки при усогласувањето на разликите помеѓу финансиското сметководство и Билингот на крајот на 2011 година извршено е намалување на Побарувањата за фактурирана камата од тужена вода и Вредносното усогласување за износ од 241 илјади денари и намалување на Побарување Комунална хигиена од тужен смет и Акумулираната добивка за 179 илјади денари.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈП Водовод и канализација Скопје на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈП Водовод и канализација Скопје, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 23.07. 2012 година

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*



1. ___________________________
2. ___________________________ ______________________

**ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА - СКОПЈЕ**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2011 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **во 000 денари** | |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жениja** | **2011** | **2010** |
| Приходи од продажба | 3.1 | 1.125.091 | 1.160.448 |
| Останати приходи | 3.2 | 107.634 | 126.705 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **1.232.725** | **1.287.153** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3 | 142.230 | 144.426 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 3.4 | 42.536 | 30.926 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5 | 534.548 | 529.372 |
| Трошоци за амортизација | 3.6 | 195.991 | 184.478 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7 | 43.163 | 54.372 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 3.8 | 232.571 | 313.828 |
| Останати расходи | 3.9 | 18.918 | 13.659 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **1.209.957** | **1.271.061** |
| Финансиски приходи | 3.10 | 15.271 | 23.989 |
| Финансиски расходи | 3.11 | 156 | 45 |
| ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | | **37.883** | **40.036** |
| ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | **37.883** | **40.036** |
| **Данок од добивка** | | **18.339** | **25.092** |
| НЕТО ДОБИВКА | | **19.544** | **14.944** |

**ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА - СКОПЈЕ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1 | 67.865 | 110.067 |
| Побарувања од купувачи | 4.2 | 1.098.402 | 1.148.138 |
| Побарувања за дадени аванси | | 0 | 9.153 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.3 | 51.352 | 52.360 |
| Побарувања од вработените | 4.4 | 407 | 42 |
| Останати побарувања | 4.5 | 24 | 24 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 4.6 | 658.023 | 553.914 |
| Залихи | 4.7 | 118.401 | 108.186 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.994.474** | **1.981.884** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.8 | 8.996 | 7.479 |
| Материјални средства | 4.9 | 2.544.078 | 2.547.185 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.10 | 2.443 | 2.491 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **2.555.517** | **2.557.155** |
| **Вкупна актива** | | **4.549.991** | **4.539.039** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема поврзани друштва | 4.11 | 978.847 | 981.942 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.12 | 40.023 | 30.392 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.13 | 16.479 | 13.588 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.14 | 50.628 | 53.348 |
| Обврски спрема вработените | 4.15 | 17.445 | 18.245 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.16 | 344.490 | 358.902 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **1.447.912** | **1.456.417** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина-запишан и уплатен капитал | 4.17 | 1.972.180 | 1.972.180 |
| Резерви | 4.18 | 394.983 | 395.031 |
| Акумулирана добивка | 4.19 | 715.372 | 700.467 |
| Добивка од тековната година | 4.20 | 19.544 | 14.944 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **3.102.079** | **3.082.622** |
| **Вкупна пасива** | | **4.549.991** | **4.539.039** |

**П Р Е Г Л Е Д**

**ПРОМЕНИТЕ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2011 ГОДИНА**

| О П И С | Основна главнина-запишан и уплатен капитал | Резерви | Акумулирана добивка | Добивка од тековната година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | 1.972.180 | 395.031 | 700.467 | 14.944 | 3.082.622 |
| | | | | | |
| Добивка за финансиска 2011 година | | | | 19.544 | 19.544 |
| Распределба на добивката за 2010 година во корист на капиталот и резервите | | | 14.944 | (14.944) | - |
| Вредносно усогласување | | (48) | | | (48) |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | | | (39) | | (39) |
| **Состојба 31.12.2011 година** | 1.972.180 | 394.983 | 715.372 | 19.544 | 3.102.079 |

| ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА - СКОПЈЕ | | |
|---|---|---|
| | | |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК** | | |
| | во 000 денари | |
| | **2011** | **2010** |
| ***Парични приливи*** | | |
| 1. Парични наплати од купувачите | 1.443.082 | 1.408.036 |
| 2. Прилив од останати оперативни приходи | 5.603 | 7.830 |
| 3. Поврат на аванс од поврзани субјекти | 8.200 | 10.613 |
| 4. Прилив по основ на книжни одобренија | 17 | 15.033 |
| 5. Прилив по основ на погрешни уплати | 57 | 3.456 |
| 6. Прилив по основ на камати | 162 | 540 |
| 7. Прилив по основ на судски таксени марки | - | 19.250 |
| ***Вкупно парични приливи:*** | *1.457.121* | *1.464.758* |
| | | |
| ***Парични одливи*** | | |
| 1. Исплатени камати и курсни разлики | 163 | 16 |
| 2. Исплатени парични средства на добавувачи за набавка на суровини и материјали, резервни делови и ситен инвентар и извршени услуги | 258.372 | 258.250 |
| 3. Исплатено за останати оперативни трошоци | 3.898 | 5.153 |
| 4. Исплатени парични средства на поврзани субјекти | 414.158 | 411.130 |
| 5. Исплатено осигурување | 1.759 | 1.314 |
| 6. Исплатени трошоци за вработени | 536.915 | 527.840 |
| 7. Исплатен данок на добивка, ДДВ и останати даноци и членарини | 30.717 | 30.941 |
| 8. Исплатено на членови на Управен и Надзорен одбор, Фонд за води и отпадни води, судски трошоци и сл. | 25.648 | 52.750 |
| 9. Исплатена провизија | 4.091 | 4.104 |
| 10. Исплата на повеќе наплатени парични средства | 2.892 | 2.557 |
| 11. Исплата на погрешни уплати | 55 | 3.455 |
| ***Вкупно парични одливи:*** | *1.278.668* | *1.297.510* |
| ***А . Нето готовина од оперативни активности*** | ***178.453*** | ***167.248*** |
| | | |
| ***Б . Парични текови од инвестициони активности*** | | |
| Набавка на основни средства | -220.655 | -271.237 |
| ***Б . Нето готовина во инвестициони активности*** | ***-220.655*** | ***-271.237*** |
| | | |
| ***Г . Нето опаѓање на пари и парични еквиваленти*** | ***-42.202*** | ***-103.989*** |
| ***Д . Парични средства на почетокот на годината*** | ***110.067*** | ***214.056*** |
| ***Ѓ . Парични средства на крајот на годината*** | ***67.865*** | ***110.067*** |

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, numer 0302-10138/1
Дата, data 11-07-2012
СКОПЈЕ - SHKUP

ВОДОВОД
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 12.07.2012

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 29- | 157 | /6 | |


ДО

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

г-ѓа Тања Таневска, главен државен ревизор

Предмет:Одговор на наодите и препораките од нацрт извештајот на ДЗР

Почитувана г-ѓа Таневска,

Во врска со извршената ревизија и издадениот нацрт извештај бр.01 2012 09 38 на ЈП Водовод и канализација Ви ги даваме следните одговори:

**Одговор на наод од точка 4.1.1:**

За следење на извршувањето на договорот веќе е задолжена службата за јавни набавки и комерција, што е потврдено со наплатените пенали од економските оператори за непочитување на договорените обврски во претходните години. Настанатите одредени пропусти од вработените во службата беа санкционирани и Директорот на ЈП Водовод и канализација –Скопје ги задолжи одговорните лица да извршат изменување и дополнување на процедурата број 751-703 Реализација на јавни набавки, во делот за следење на квалитетот на извршување на доделен договор. Измените ќе го утврдат начинот на постапување во случаи на непочитување на роковите за извршување на договорените обврски, како и неквалитетно извршување на истите од страна на економските оператори, согласно барањата на стандардот ISO 9001:2008, со цел да се намали ризикот од можноста за неисполнување на договорените рокови и услови. Согласно барањата на ISO 9001:2008 доставено е барање до одборот за квалитет со барање за промена/преиспитување на процедурата образец бр. ВИК -755-103 и изменетата процедура. (Прилог : промена на процедура ВИК-751-703, барање за промена ВИК -423-101.04)

**Одговор на наод од точка 4.2.1:**

Планирана е постапка во планот за јавни набавки за ангажирање на независни, овластени проценители за процена на капиталот на претпријатието. Во тек се активности на разгледување на сите законски прописи за спроведување на постапката од аспект на почитување на Законот за процена (Службен весник на РМ бр.115/2010 од 31.08.2010 година), методологиите и програмите за спроведување на стручен испит и доделување на лиценци за проценители, донесени од страна на надлежните министерства кон крајот на месец 12.2011 година и во првите два месеци од 2012 година. Во надлежните министерства во тек е споведување на стручен испит за проценител и доделување на лиценци согласно законските прописи. По завршување на гореспоменатите активности, извршената процена ќе се достави до основачот-градот Скопје на одобрување, и истата ќе биде доставена до Централниот регистер на Република Македонија за впишување на вредноста на основната главнина.

**Одговор на наод од точка 4.2.2:**

Како и констатациите во самиот наод ЈП Водовод и канализација изработи нова систематизација (која ја имавте на увид) која одговара на потребите на сегашните услови на функционирање на претпријатието, со број на извршители, но истата не е донесена донесената одлука на Уставниот суд на Р.М. со која се поништија одредби во Законот за јавни службеници кои се однесуваа на вработените во јавните претпријатија. ЈП Водовод и канализација ќе продолжи со активностите во поглед на усогласување на Правилникот на организација и систематизација на работните места и утврдување на бројот на извршители по организациони единици.

**Одговор на наод од точка 4.2.3:**

ЈП Водовод и канализација ги споведува активностите за склучување на нови договори со корисниците согласно член 48 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води. ЈП Водовод и канализација има склучено договори со сите корисници – правни лица, но со оглед на обемноста односно бројот на физички лица корисници, овој процес е во тек и имаме склучено повеќе од 1/3 нови договори и нивно активно ажурирање на базата на корисници. Директорот на претпријатието формира работна група која има за задача да ги интензивира овие активности.

**Одговор на наод во точка 4.2.4:**

ЈП Водовод и канализација е во консултација со стручните служби во градот Скопје за определување на просечна и прекумерна потрошувачка на вода за пиење, како и можноста за наплата на прекумерно количество на потрошена вода за пиење по цена двојно поголема од редовната, согласно Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води. Одлуката во врска во оваа законска одредба е во надлежност на Советот на град Скопје.

**Одговор на наод од точка 4.2.5:**

Препораката веќе се спроведува. На технички совет изготвен е Оперативен план во пишана форма со конкретизирање на објектите за реализација на инвестиционата програма во делот на реконструкција на водоводната инфраструктура. Изготвениот Оперативен план ќе се разгледува на секој нареден технички совет и доколку се јави потреба истиот ќе се ревидира исто така во пишана форма. (Прилог : Оперативен план)

**Одговор на наод од точка 4.2.6:**

ЈП Водовод и канализација целосно е посветена да не се создаваат дополнителни работи. Имено кај договорите за градба за кои е потребен анекс на веќе склучениот договор, секогаш се работи за сложени и комплексни градежни активности кои во првичните пресметки не можеле да бидат предвидени. Директорот ги задолжи одговорните лица да изготват процедура за начинот на постапување во случај на дополнителни и непредвидени работи и утврдување на овластени лица за давање на одобрение за дополнителни и непредвидени работи кои ќе се појават во текот на изведувањето на градежните активности. (Прилог : Промена на процедура ВИК-751-703, промена на процедура ВИК-423-101.04)

**Одговор на наод од точка 4.2.7:**

Директорот на претпријатието го задолжи Директорот на Секторот за технички работи и развој да превземе мерки за усогласување на издавањето на евидентните листови и завршните ситуации. Исто така Директорот на Секторот за технички работи и развој превзеде мерки за точно и комплетно пополнување на евидентните листови согласно дадената препорака. По усно дадената забелешка и совет од страна на државните ревизори, Секторот за технички работи и развој отпочна со изготвување на Записник за воведување во работа на изведувачот, и покрај тоа што истото веќе се запишува во Градежниот дневник.

**Одговор на наод од точка 4.2.8:**

Во извршувањето на редовните активности на ЈП Водовод и канализација, во одреден временски период поради зголемен обем на работите се јавува потреба од вклучување на привремено вработени за извршување на конкретни работни задачи од дејноста на претпријатието. ЈП Водовод и канализација ќе настојува времетраењето на привремените вработувања да биде согласно законската регулатива.

**Одговор на наод од точка 4.3.1:**

ЈП Водовод и канализација ќе изврши избор на проценител на недвижниот имот (барака и стан) откако ќе завршат сите активности преземени од надлежните министерства во насока на почитување на Законот за процена (Службен весник на РМ бр.115/2010 од 31.08.2010 година), методологиите и програмите за спроведување на стручен испит и доделување на лиценци за проценители, донесени од страна на надлежните министерства кон крајот на месец 12.2011 година и во првите два месеци од 2012 година. Имено во надлежните министерства во тек е споведување на стучен испит за проценител и доделување на лиценци согласно законските прописи. По извршеното првично доделување на лиценци за проценители ќе се пристапи кон избор на проценител за недвижен имот и ќе се изврши евидентирање на проценетиот имот во сметководствената евиденција.

**Одговор на наод од точка 4.3.2:**

За поголемиот дел од материјалните средства во подготовка кои се завршени обезбедена е соодветна документација и истите се активирани. Барањата од препораката се дефинирани во процедурата за достава на документи за евидентирање на материјални средства во подготовка.(Прилог: пишана процедура)

**Одговор на наод од точка 4.4.1:**

ЈП Водовод и канализација води сметка да се обезбедат банкарски гаранции за квалитетно извршување на договорот согласно барањата на тендерската документација. Бидејќи банкарските процедури налагаат издавање на банкарска гаранција по склучен договор од двете страни, во овој случај (изолиран случај) направен е ненамерен пропуст. Но истото не резултираше со проблеми во целосно и квалитетното извршување на договорот од страна на економскиот оператор.

Препораката е опфатена во измената и дополната на процедурата број 751-703 Реализација на јавни набавки, со дефинирање на начинот на следење на договорите во поглед на обезбедување и чување на банкарски гаранции за квалитетно извршување на договор и следење на исполнување на услови со цел нивна наплата.

**Прилог:**

- Променета процерура – точка 4.1.1
- Оперативен план - точка 4.2.5
- Променета процедура – точка 4.2.6
- Процедура за евидентирање на материјални средства- точка 4.3.2
- Променета процедура – точка 4.4.1

Скопје, 09.07.2012год.

Изготвил: С.Петрушевска
Контролирал:Д.Доневски
Одобрил:Ж.Мицевска

ЈП Водовод и канализација
В.Д. Директор Тони Јаревски

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор

На 12.07.2012 година добиени се Забелешки (Одговор на наодите и препораките) на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈП Водовод и канализација за 2011 година од законскиот застапник на субјектот, под број 0302-10138/1 од 11.07.2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-157/6.

Одговорите на наодите од страна на ЈП Водовод и канализација претставуваат известување за причините за одделни наоди, за веќе преземените мерки и активности за надминување на состојбите, како и за мерките кои ќе бидат преземени во иднина, бидејќи нивното имплементирање бара подолг временски период.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точка 4.1.1.** која се однесува на пропусти во делот на процедурата за реализација на јавните набавки, претставува **известување** за постапување по дадената препорака. Одговорното лице ги задолжило надлежните во јавното претпријатие да пристапат кон изменување на процедурата за реализација на јавни набавки, во делот на следење на квалитетот и роковите на извршување на доделен договор. Процедурата Реализација на јавни набавки е изменета и надополнета со одредби кои го регулираат постапувањето по одредбите од договорите. Овие активности на субјектот соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај, а дадената препорака се брише.

2. Забелешката на констатацијата од **точка 4.2.1.** кој се однесува на неизвршена проценка на капиталот и не евидентиран капитал во трговскиот регистар, претставува **известување** за активностите кои во иден период ќе бидат преземени од страна на субјектот со цел надминување на утврдените состојби и имплементирање на дадената препорака.

3. Забелешката на констатацијата од **точка 4.2.2.** што се однесува на недефинираниот број на извршители по работни места во Правилникот

за организација и систематизација на работните места, претставува **известување** за активности кои се преземени и ќе бидат преземени во функција на надминување на состојбите. Ревизијата при утврдување на состојбите и констатациите од оваа точка, ги имаше во вид сознанијата, дека ЈП Водовод и канализација има изготвено нов Правилник за организација и систематизација на работните места со број на извршители по работно место согласно Законот за јавни службеници. Поради укинување на одредби од овој Закон, истиот веќе не важи за јавните претпријатија на локално ниво и овој Правилник не е даден на усвојување. Обврската за имплементација на дадената препорака останува.

4. Забелешката на констатациите од **точката 4.2.3.** која се однесува на обврската за склучување на договори со корисниците на услугите (правни и физички лица), а во согласност со член 48 од Законот за снабдување со вода за пиење и одводнување на урбани отпадни води, претставува **известување** за постапување. Во функција на имплементирање на оваа препорака одговорното лице формирало работна група.

5. Забелешката на констатациите од **точката 4.2.4.** која се однесува на обврската за определување на просечна и прекумерна потрошувачка на вода за пиење согласно одредбите од член 6 од Законот за снабдување со вода за пиење и одводнување на урбани отпадни води, претставува **известување** за постапување. Имплементацијата на оваа препорака зависи од соработката на надлежните служби на Град Скопје и ЈП Водовод и канализација.

6. Забелешката на констатациите од **точката 4.2.5.** која се однесува на обврската за изготвување на Оперативен план со конкретизирање на објектите за реализација на инвестиционата програма во делот на реконструкција на водоводна инфраструктура, претставува **известување** за преземени мерки. По дадената препорака во фаза на Нацрт извештај субјектот има донесено Оперативен план за 2012 година. Преземените активности од страна на надлежните органи во делот на донесување на акт соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај, а препораката ќе биде избришана.

7. Забелешката на констатациите од **точката 4.2.6.** која се однесува на анекс договорите на веќе склучените договори, претставува **известување** за преземени мерки по дадена препорака. Во периодот на забелешки по Нацрт извештајот, извршено е дополнување на процедурата Реализација на јавни набавки за постапување во случај на

дополнителни и непредвидени работи. Преземените активности од страна на субјектот соодветно ќе бидат интерпретирани во Конечниот извештај, а препораката ќе биде соодветно променета во насока на имплементирање на донесената измена на процедурата.

8. Забелешката на констатациите од **точка 4.2.7.** која се однесува на временото издавање на евидентните листови и завршните ситуации претставува **известување** за активности кои ги презел субјектот како и активности кои ќе ги преземе за надминување на утврдените состојби.

9. Забелешката на констатациите од **точка 4.2.8.** која се однесува на времено ангажираните работници преку Агенција за времени вработување, претставува **известување** за причините поради кои дошло до вакво постапување, а со тоа ја потврдува и констатираната состојба од ревизорот.

10. Забелешката на констатациите од **точка 4.3.1.** кои се однесуваат на неутврдена вредност и не евидентирана во сметководствената евиденција на дел од имот ( барака и стан) на ЈП Водовод и канализација, претставува **известување** за активности кои ќе ги преземе субјектот во иднина, со цел надминување на утврдените состојби.

11. Забелешката на констатациите од **точка 4.3.2.** кои се однесуваат на ненавремено активирање на инвестициите во тек, претставува **известување** дека субјектот изготвил процедура за достава на документи за евидентирање на материјалните средства во подготовка и нивно активирање.

12. Забелешката на констатациите од **точка 4.4.1.** кои се однесуваат на необезбедена банкарска гаранција која е барана со тендерската документација, претставува **известување** за причините поради кои дошло до вакво постапување со што се потврдува констатацијата на ревизијата.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ___________________________

___________________________